Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ "бр. 5/02 и 11/05 год.) Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 26.12.2006 година, донесе

# С Т А Т У Т
## на општина Гевгелија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут, во согласност со Законот се уредуваат: организацијата и работата на органите на општината, организацијата и работењето на комисиите на Советот на општината, вршењето на работите согласно начелото на супсидијарност, начинот на информирање на граѓаните и слободниот пристап до информации од јавен карактер, случаите на исклучување на јавноста од седниците на Советот на општината, начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на општината и постапување по нив, начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните, начинот на објавувањето на прописите на Советот, начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба, месната самоуправа, начинот и постапката за утврдување на грбот и знамето на општината, како и други прашања од значење за општината.

### Член 2

Општина Гевгелија (во понатамошниот текст: општината) е единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината, во согласност со Уставот, Законот за локалната самоуправа, другите закони и овој Статут.

### Член 3

Подрачјето на општината е утврдено со закон и го сочинуваат катастарските општини на населените места: градот Гевгелија и населените места и села: Богородица, Габрово, Давидово, Кованци, Конско, Милетково, Миравци, Моин, Мрзенци, Негорци, Ново Конско, Петрово, Прдејци, Серменин, Смоквица и Хума.

### Член 4

Општината е правно лице.

### Член 5

Седиштето на општина Гевгелија е на ул. "Димитар Влахов" бр. 4, Гевгелија.

### Член 6

Општината има грб.

Грбот има форма на шпански штит обшиен со златна лента, во чиј горен дел, т.н. глава на штитот, е името на општина Гевгелија. Средишниот дел на штитот е поделен по вертикала: левата страна е во сребрена, а десната страна во бела боја.

Во долниот дел на штитот, т.н. подножје, е аплициран амблем на цвет во зелена боја, над него две паралелни брановити линии, амблем за река во сина боја, на средината е амблем на планината "Кожув" во сиво сина боја и во горниот дел се зраци од сонце во вид на круна со црвена боја.

**Член 7**

Општината има знаме.

Знамето на општината е двобојно, поделено по вертикала, со сина и сребрена (светло сива) боја, на кое е аплициран грбот на општина Гевгелија.

Односот на ширината и должината на знамето по хоризонтала е 1:2, а грбот се наоѓа во втората петтина на знамето.

Односот на ширината и должината на знамето по вертикала е 1:3, а грбот се наоѓа во втората четвртина на знамето.

**Член 8**

Општината има печат со тркалезна форма со пречник од 3 (три) сантиметри, во чија средина се наоѓа грбот на општината и на чии рабови е испишано "Република Македонија Општина Гевгелија".

Печатот на Советот на општината има тркалезна форма, со пречник од 3см, во чија средина се наоѓа грбот на општината и на чии работи е испишано во горниот дел "Република Македонија", под тоа "Совет на општината" и во долниот дел "Општина Гевгелија".

Печатот на градоначалникот на општината има тркалезна форма, со пречник од 3см, во чија средина се наоѓа грбот на општината и на чиј рабови е испишано во горниот дел "Република Македонија", под тоа "Градоначалник" и во долниот дел "Општина Гевгелија".

Начинот на употребата на печатот на општината ќе се уреди со посебен акт, во зависност од организационата поставеност на органите на општината.

**Член 9**

Општината има свој празник.

Празник на општината е 7-ми Ноември.

**Член 10**

Општината востановува општински признанија и награди.

Признанијата и наградите се утврдуваат со посебна одлука.

**Член 11**

Заради заштита и унапредување на заедничките интереси општината може, со одлука на Советот, да се здружува во здруженија, како и да здружува средства и да формира заеднички јавни служби со други општини од Републиката, во согласност со закон.

**Член 12**

Општината соработува со општините од Републиката, со единици на локална самоуправа од други земји, како и со меѓународни организации на

локални заедници, како и да членува во меѓународни организации на локалните власти.

## II. НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА

**Член 13**

Општината самостојно, во рамките на законот и овој статут, ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локалната самоуправа или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

**Член 14**

Општината е надлежна за вршење на следните работи :

1. Урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште;

2. Заштита на животната средина и природата - мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење;

3. Локален економски развој - планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети, водење на локална економска политика, поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво И, во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

4. Комуналните дејности - снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, одведување и пречистување на отпадни води, одведување и третман на атмосферски води, јавното осветлување, одржувањето на јавна чистота, собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад, уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници, одржувањето на гробиштата и гробовите и давањето погребални услуги, изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта и улици и други инфраструктурни објекти, регулирање на режимот на сообраќајот, изградбата и одржувањето на улична сообраќајна сигнализација, изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање, отстранувањето на непрописно паркираните возила, отстранувањето на хаварисаните возила од јавните површини, изградба и одржување на пазарите, чистење на оџаците, одржување и користење на парковите, зеленилото, парк-шумите и рекреативните површини, регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизираните делови, определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;

5. Култура - институционална и финансиска подршка на културните установи и проекти, негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање на културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво;

6. Спорт и рекреација - развој на масовниот спорт и рекреативните активности, организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградбата на објекти за спорт, како и поддршка на спортски сојузи;

7. Социјална заштита и заштита на децата - детски градинки и домови за стари (финансирање, инвестиции, одржување и сопственост), децата без родители и родителска грижа, остварување на социјална грижа за инвалидните лица, деца со воспитно-социјални проблеми, деца со посебни потреби, децата од еднородителски семејства, како и децата од улица, лицата изложени на социјален ризик, лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик, остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст;

8. Образование - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт, во согласност со закон, како и организирање на превоз и исхрана на учениците и нивно сместување во ученички домови;

9. Здравствена заштита - управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита во кои општината е застапена во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравственото воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, заштита на здравјето на работниците и заштита при работа, здравствен надзор над животната средина, надзор над заразните болести, помош на пациенти со специјални потреби (на пример: ментално здравје, злоупотреба на деца и др.) и други области определени со закон;

10. Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последици предизвикани од нив;

11. Противпожарна заштита што ја врши територијалната противпожарна единица;

12. Надзор над вршењето работи од надлежност на општината;

13. Други работи определени со закон.

**Член 15**

Работите од членот 14 на овој Статут се уредуваат со прописи на Советот на општината, во согласност со постапките и стандардите утврдени со закон.

Работите од членот 14 на овој Статут, кои задолжително ќе ги извршува општината, ќе бидат определени со посебните закони.

**Член 16**

Работите кои не се исклучени од надлежност на општината или не се во надлежност на органите на државната власт, се определуваат со одлука на Советот на општината.

Со одлуката од став 1 на овој член се уредува начинот и постапката за вршење на тие работи.

**Член 17**

Општината во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, има право на своето подрачје да спроведува иницијативи во врска со сите прашања од значење за општината, што не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Определувањето на работите од став 1 на овој член, дефинирањето на нивната содржина, начинот и постапката на нивното вршење се уредуваат со посебни одлуки на Советот, по предлог на градоначалникот.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

**Член 18**

**Органи на општината се: Советот и Градоначалникот.**

### 1. Совет на општина

**Член 19**

Советот на општината е преставнички орган на граѓаните.

Советот на општината го сочинуваат 19 претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

Членот на Советот во Советот одлучува по свое уверување.

Членот на Советот не може да биде отповикан.

**а) Конституирање на Советот**

**Член 20**

Конституирањето на Советот се врши со верификација на мандатот на членовите на Советот, избрани на начин утврден со закон и со давање и потпишување на свечена изјава со содржина утврдена со закон.

Верификацијата на мандатот на членовите на Советот се врши на првата конститутивна седница на Советот, по предлог на Комисијата за прашања на верификација на мандати, што се формира на почетокот на седницата од редот на новоизбраните членови на Советот.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот кои не биле присутни на првата седница на Советот, ја врши Советот на првата седница на која што тие ќе присуствуваат.

**Член 21**

Постапката за верификација на мандатите на членовите на Советот поблиску се уредува со Деловникот.

**б) Права и должности на членовите на Советот**

**Член 22**

Членот на Советот има права и должности утврдени со закон и со овој Статут.

Членот на Советот се стекнува со своите права и должности по верификацијата на мандатот.

Членовите на Советот даваат и потпишуваат свечена изјава која гласи:

"Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член во Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, Законот, прописите на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Македонија".

**Член 23**

Членот на Советот има право и должност:

- да предлага претресување на прашања, појави и состојби што се од локално значење, како и од значење за граѓаните во општината;

- да дава иницијативи за донесување на одлуки и други акти од надлежност на Советот, како и да предлага амандмани, на начин и по постапка предвидени во Деловникот и да поставува прашања до градоначалникот на општината;

- да бара од администрацијта на општината (во натамошниот текст: администрација), како и од јавните служби, установи и претпријатија и од други институции основани од општината, податоци и други информации за прашања од нивниот делокруг, а што му се потребни за неговата работа во Советот;

- да бара и да добие од администрацијата на општината стручна помош во изработувањето на предлози што тој му ги поднесува на Советот, во поставувањто на советнички прашања и во вршењето на други работи што му ги доверил Советот, односно комисија во која членува;

- да ги чува како тајна податоците, кои се класифицирани како такви, што ќе ги дознае на седница на Советот или на комисија.

Членот на Советот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Советот.

**Член 24**

Членот на Советот има право да присуствува и учествува во работата на седница на комисија на Советот, иако не е член на комисијата, но без право на одлучување.

Начинот на известување на другите членови за присуство на седници на комисиите во кои не е член ќе се регулира со Деловникот на Советот.

**Член 25**

Членот на Советот кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, должен е за тоа благовремено да го извести претседателот на Советот и претседателот на комисијата.

Членот на Советот кој од оправдани причини подолго време е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, има право да побара од Советот одобрение за отсуствување од седниците.

По барањето од ставот 2 на овој член, Советот одлучува без претрес.

**в) Конфликт на интереси на членовите на Советот**

**Член 26**

1. Членот на Советот не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања во кои тој или неговиот брачен другар, дете или роднина, до втор степен странична линија, има финансиски или друг личен интерес.

2. Членот на Советот е должен да го информира Советот за прашањата за кои тој има финансиски или друг личен интерес.

3. Членот на Советот не може да биде вработен во општинската администрација на општината во која е избран.

4. Со денот на вработувањето, согласно со став 3 на овој член, ќе се смета дека членот на Советот поднел оставка.

5. Членот на Советот вработен во јавните служби кој ги основала општината, не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања што се однесуваат на јавната служба во која е вработен.

**г) Претседател на Советот**

**Член 27**

Претседателот на Советот го избира Советот со јавно гласање, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Предлог за претседател на Советот може да даде секој член на Советот.

Изборот на претседател на Советот може да се врши и со тајно гласање, доколку за таков предлог на член на Советот одлучи Советот со мнозинство од присутните членови на Советот.

Постапката за избор на претседатаел на Советот со тајно гласање се уредува со Деловник.

**Член 28**

Претседателот на Советот:

- ги свикува и раководи со седниците на Советот на општината;
- се грижи за организацијата и работата на Советот;
- ги потпишува прописите што ги донел Советот и во рок од 3 (три) дена од денот на нивното донесување ги доставува на Градоначалникот заради објавување.

**д) Начин на работа на Советот на општината**

**Член 29**

Советот работи на редовни седници, а по потреба може да одржува свечени и вонредни седници.

**Член 30**

Денот, часот и местото на одржување на редовна седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи на седницата, се објавуваат на огласна табла на општината, најдоцна 7 дена пред денот на одржувањето на седницата.

Претседателот на Советот може да одлучи денот, часот и местото на одржување на седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред, да се објават во средствата за јавно информирање.

**Член 31**

Советот одржува свечени седници за одбележување на значајни историски настани, а може да одржува свечени седници и заислушување на говори на наши и странски државници, претставници на меѓународни организации и истакнати граѓани на странски држави како гости на општината.

**Член 32**

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните и во случаи на вонредни околности.

Вонредна седница на Советот свикува претседателот на Советот по сопствена иницијатива или на барање од најмалку 1/3 од членовите на Советот или на предлог на градоначалникот.

Поканата за вонредна седница, заедно со предлогот на дневен ред, на членовите на Советот им се доставува на најбрз можен начин.

Пред отпочнувањето со работа на седницата, членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на вонредна седница, без претрес и со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 33**

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на Советот, на седницата претседава најстариот член на Советот.

**Член 34**

Советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

Советот на општината одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот, а најмалку со една третина од вкупниот број на членови на советот, ако со статутот не е предвидено посебно мнозинство.

**Член 35**

Советот одлучува со јавно гласање.

Советот може да одлучИ, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, гласањето по определени прашања да биде тајно.

**ѓ) Исклучување на јавноста од седниците на Советот**

**Член 36**

Седниците на Советот се јавни.

Советот може да работи без присуство на јавноста само во случаи определени со закон и овој со Статут, како и кога тоа ќе го предложат градоначалникот, претседателот на Советот или најмалку 1/3 (третина) членови на Советот.

Исклучување на јавноста може да се бара кога прашањето за кое се расправа има допирни точки со јавниот морал, кога може да ги загрози интересите на определена личност или има допирни точки со одбраната и сигурноста на граѓаните.

По предлогот од став 1 на овој член, Советот одлучува без претрес, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

**Член 37**

Свикувањето на седниците на Советот, утврдувањето на дневниот ред, текот на седницата, записниците, постапката за донесување на акти и други прашања сврзани со работата на Советот, поблиску се уредуваат со Деловникот.

**е) Надлежност на Советот**

**Член 38**

Советот на општината ги врши следните работи:

1. Донесува Статут на општината;
2. Донесува Деловник на Советот;
3. Донесува Програма за работа;
4. Донесува Буџет на општината и Годишна сметка на општината;

5. Ја утврдува висината на стапките на даноците и висината на надоместоците и таксите;

6. Донесува Генерален урбанистички план;

7. Донесува детални урбанистички планови, урбанистички планови за село и урбанистички планови вон населено место;

8. Донесува Програма за уредување на градежно земјиште;

9. Донесува Програма за одржување на сообраќајната сигнализација;

10. Донесува Одлука за регулирање на режимот на сообраќајот;

11. Донесува прописи од областа на заштита на животната средина и природата, локалниот економски развој, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштита на децата, образованието, културата, здравствената заштита, противпожараната заштита, во рамките на надлежноста определена со посебен закон или во согласност со национална програма;

12. Донесува Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици;

13. Донесува Програма за јавно осветлување;

14. Донесува Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи;

15. Донесува Програма за одржување јавна чистота;

16. Донесува Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење;

17. Донесува Програма за одржување на гробиштата;

18. Донесува Програма за одржување и користење на реките во урбанизирани подрачја;

19. Донесува Одлука за јавна чистота;

20. Донесува Одлука за начинот на превоз во градскиот и приградскиот сообраќај;

21. Донесува Одлука за одржување и користење на јавните пазаришта;

22. Донесува Одлука за начинот на користење и одржување на гробиштата;

23. Го уредува начинот на чистењето на оџаците;

24. Го уредува одржувањето на јавниот простор за паркирање и начинот на неговото користење;

25. Определува имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти од локално значење;

26. Ја утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација, на предлог на Градоначалникот;

27. Основа јавни служби и врши надзор над нивната работа;

28. Именува членови во управните одбори на јавните служби, кои ги основа;

29. Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби кои ги основал;

30. Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, во согласност со закон;

31. Ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби кои ги основала;

32. Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;

33. Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на Буџетот на општината, во согласност со закон;

34. Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината, во согланост со закон;

35. Го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавна безбедност на подрачјето на општината, кој го доставува до Министерот за внатрешни работи и Народниот правобранител;

36. Може да дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот;

37. Избира и разрешува претседател на Советот;

38. Формира постојани и повремени комисии;

39. Врши одделни овластувања во согласност со закон врз добрата од општа употреба и врз природните богатства на подрачјето на општината;

40. Востановува општински признанија и награди;

41. Дава мислење по предлог законите кои се однесуваат на општината;

42. Врши други избори и именувања од своја надлежност;

43. Донесува други одлуки за работите од своја надлежност;

44. Врши и други работи.

**1-а. Организација и работење на комисиите на Советот на општината**

**1. Комисии на Советот**

**Член 39**

За претресување на прашања од своја надлежност Советот од својот состав формира комисии.

Комисиите на Советот се формираат како постојани и повремени.

Мандатот на постојаните комисии трае колку и мандатот на членовите на Советот.

**Член 40**

Постојани комисии на Советот се:

- Комисија за прашања на верификација на мандати;
- Комисија за прашања на избори и именувања;
- Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој;
- Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина;
- Комисија за статут и прописи;
- Комисија за здравствена, социјална заштита и заштита на децата;
- Комисија за образование, култура и спорт;
- Комисија за функционирање на системот на локалната самоуправа;
- Комисија за еднакви можности на жените и мажите.

Советот може да образува и други постојани и повремени комисии, чиј состав и делокруг се определува со актот за нивното формирање.

**Член 41**

Комисиите на Советот на општината:

- расправаат за прашања од областа за која се формирани;
- даваат мислења и предлози до Советот;
- ги разгледуваат предлозите на Градоначалникот, на членовите на Советот и иницијативите на граѓаните од областите за кои се формирани.

**Член 42**

Комисијата за прашања на верификација на мандатни ги разгледува оригиналите на издадените уверенија од Општинската изборна комисија за избор на членови на Советот, врши соответна идентификација, му доставува на Советот предлог на верификација на мандатите на членовите на Советот и ги разгледува приговорите во врска со предлозите за верификација.

Претседателот на Комисијата за прашања на верификација на мандати е од листата на предлагачот што има најголем број на мандати за членови на Советот избрани на последните избори.

**Член 43**

Комисијата за прашања на изборите и именувањата разгледува и подготвува предлози за избори, именувања и разрешување од надлежност на Советот на општината.

Комисијата определува плати, надоместоци и други примања на избраните и именуваните лица.

**Член 44**

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој ги разгледува прашањата во врска со финансирањето на општината, Буџетот и годишната сметка на општината и на јавните служби основани од општината, како и прашањата од планирањето и програмирањето на локалниот економски развој.

**Член 45**

Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина ги разгледува прашањата од урбанистичкото планирање, прашањата од работата на јавните служби, прашањата од комуналното уредување на градот и населените места и прашањата од заштита на животната средина и природата.

**Член 46**

Комисијата за Статут и прописи го утврдува предлогот на Статутот на општината, ги разгледува иницијативите и предлозите за измена на Статутот, ја следи неговата примена и ги разгледува начелните прашања од статутарен карактер.

Го утврдува предлогот на деловникот на Советот.

Подготвува предлог мислења по предлог законите кои се однесуваат на општината.

Ги разгледува предлозите на одлуките и други општи акти од надлежност на Советот на општината, ги разгледува барањата и изготвува предлози за автентично толкување на прописите на Советот, утврдува пречистен текст на одлуките и другите акти, дава исправки на грешките во текстот на објавените одлуки и други акти и врши и други работи.

**Член 47**

Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на децата ги разгледува прашањата од надлежност на општината, а кои се однесуваат на здравствената, социјалната заштита и заштитата на децата.

**Член 48**

Комисијата за образование, култура и спорт ги разгледува прашањата од надлежност на општината кои се однесуваат на образованието, културата, спортот и рекреацијата.

**Член 49**

Комисијата за функционирање на системот на локалната самоуправа ги разгледува прашањата од областа на јавната безбеност, безбедноста на сообраќајот, заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, за празниците и манифестациите и доделување на награди и признанија, функционирањето на месните заедници, работењето на органите и друго.

**Член 50**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите ги разгледува прашањата од надлежност на општината што се однесуваат на мерките и принципите за еднакви можности на жените и мажите и други прашања согласно законот.

**2. Состав, избор и начин на работа на комисиите**

**Член 51**

Комисиите на Советот се состојат од претседател и четри члена.

**Член 52**

Избор на претседател и членови на комисија на Советот се врши на предлог на Комисијата за прашања на избори и именувања.

Комисијата за прашања на избори и именувања го дава предлогот од став 1 на овој член, врз основа на претходно доставени предлози на политичките партии застапени во Советот, при што води сметка за примена на принципот за нивна пропорционална застапеност во комисиите, имајќи го предвид вкупниот број на комисиите на Советот.

Изборот на претседател и членови на комисија се врши со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 53**

Предлог за разрешување на претседател и членови на комисија може да даде Комисијата за прашања на избори и именувања.

По предлогот за разрешување одлучува Советот со јавно гласање, со мнозинство на присутните членови на Советот.

**Член 54**

Избор заради промена на поодделен член на комисија се врши на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

**Член 55**

Комисијата работи на седници.

Дневниот ред на седницата на комисијата се утврдува на почетокот на седницата.

**Член 56**

Комисијата може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството членови на комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови на присутните членови.

**Член 57**

Ако одлучи да му поднесе извештај или предлог на Советот, комисијата определува свој известител, кој по налог на комисијата, по сопствена иницијатива или по барање на Советот, на седницата на Советот ќе го образложи ставот или предлогот на комисијата.

**Член 58**

На седницата на комисијата задолжително присуствува претставник на предлагачот на материјалот што се разгледува.

Претставникот на предлагачот има право на седницата на комисијата да учествува во разгледувањето на предлогот што го поднел без право на одлучување.

**Член 59**

Комисијата има право од предлагачот да бара известување, појаснување, како и други податоци што и се потребни за работа, а со кои предлагачот располага или е должен да ги собира и евидентира.

**Член 60**

На седниците на комисијата може да присуствуваат и да учествуваат претставници на органи, организации, заедници и здруженија, како и научни, стручни и јавни работници, заради изнесување на нивни мислења по прашањата што се разгледуваат на седницата на комисијата.

Поканата до лицата од ставот 1 ја доставува претседателот, по претходна консултација со членовите на комисијата.

**2. Градоначалник на општината**

**Член 61**

Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање, во согласност со закон за период од 4 (четири) години.

Градоначалникот својата функција ја извршува професионално.

**Член 62**

Градоначалникот во рамките на своите надлежности:

- ја преставува и застапува општината;
- ја контролира законитоста на прописите на Советот;
- иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на Советот на општината;
- ги објавува прописите на Советот во Службен гласник на општината;
- го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот;
- го обезбедува извршувањето на работите кои со закон се делегирани на општината од органот на државната управа;
- го предлага годишниот Буџет и годишната сметка на Буџетот на општината;

- го извршува Буџетот на општината;

- решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со закон;

- раководи со општинската администрација;

- донесува Правилник за систематизација на работните места во општинската администрација;

- одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со закон;

- избира директори на јавните служби, кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс;

- врши и други работи утврдени со закон и со овој Статут;

**Член 63**

Градоначалникот присуствува и учествува во работата на седниците на Советот, а по потреба и на седниците на комисиите на Советот и посебните тела на општината, без право на одлучување.

Градоначалникот може да определи и свои преставници кои присуствуваат и учествуваат во работата на седниците на Советот, неговите комисии и посебните тела на општината.

**Член 64**

Градоначалникот е должен во рок од 7 (седум) дена од денот на доставувањето на прописот на Советот со решение да го запре неговото објавување, доколку смета дека не е во согласност со Уставот и законите.

Примерок од образложеното решение за необјавувањето се доставува до претседателот на Советот на општината.

Советот е должен во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на решението да го разгледа решението и да одлучи по него.

Ако Советот го потврди прописот или не расправа во рокот од ставот 3 од овој член, Градоначалникот е должен да го објави прописот и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија.

За иницијативата Градоначалникот е должен да го информира Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

**Член 65**

Градоначалникот е должен да информира за извршување на одлуките донесени од страна на Советот најмалку два пати во текот на годината.

За извршување на своите надлежности Градоначалникот го информира Советот по потреба, а најмалку 2 (два) пати во годината.

**Член 66**

Градоначалникот обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината.

Градоначалникот управува со сопственоста на општината во јавен интерес и како добар домаќин.

Во управувањето со сопственоста на општината Градоначалникот е должен да превзема мерки и да обезбедува правилно користење, одржување и заштита на сопственоста во согласност со закон и со овој Статут.

**Член 67**

Градоначалникот со решение определува член на Советот кој ќе го заменува за време на спреченост или отсуство.

На членот на Советот му мирува функцијата член на Советот за времето кога го заменува Градоначалникот.

За настапувањето на спреченоста или отсуството, градоначалникот го известува претседателот на Советот и членот на Советот кој ќе го заменува.

**3. Конфликт на интереси на градоначалникот**

**Член 68**

1. Градоначалникот не може да биде именуван за член во надзорни, управни и контролни органи на трговски друштва и јавните слјужби.

2. Градоначалникот не може да учествува во процесот за одлучување за прашања во кои тој или неговиот брачен другар, деца или роднина до втор степен странична линија има финансиски или друг личен интерес.

3. Градоначалникот е должен да го информира Советот за интересот од став 2 на овој член.

4. Во случаите од ставот 2 на овој член одлучува еден од членовите на Советот, избран на начин на кој се избира претседателот на Советот.

## IV. ПОСЕБНИ ТЕЛА НА ОПШТИНАТА

### а) Комисија за односи меѓу заедниците

**Член 69**

Во општината се формира Комисија за односи меѓу заедниците (во натамошниот текст: Комисија).

Комисијата ја сочинуваат по (1) еден претставник на заедниците кои се застапени во општината, со мандат од 4 (четири) години.

Членовите на Комисијата не може да се избираат од редот на членовите на Советот.

**Член 70**

Одлука за формирање на Комисијата донесува Советот, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата го составува предлогот од став 1 на овој член, по претходно добиени предлози на политичките партии застапени во Советот.

**Член 71**

Комисијата од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Комисијата, со јавно гласање.

**Член 72**

Комисијата работи на седници.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Комисијата.

Комисијата може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинстото од вкупниот број членови на Комисијата.

На седниците на Комисијата може да присуствуваат и учествуваат во работата, градоначалникот на општината и претседателот на Советот, без право на одлучување.

**б) Совет за заштита на потрошувачите**

**Член 73**

Во општината се формира Совет за заштита на потрошувачите.

Совет за заштита на потрошувачите е составен до 10 членови, претставници на поголемите групи на корисници на јавните услуги во општината.

Членовите на Советот за заштита на потрошувачите не може да се избираат од редот на членовите на Советот на општината.

**Член 74**

Одлука за формирање на Советот за заштита на потрошувачите донесува Советот на општината, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата го составува предлогот од став 1 на овој член, по претходно добиени предлози на облиците на месна самоуправа во општината.

**Член 75**

Советот за заштита на потрошувачите од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите, со јавно гласање.

Советот за заштита на потрошувачите е со мандат од 4 години.

**Член 76**

Советот за заштита на потрошувачите работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите одлучува со мнозинството од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите.

На седниците на Советот за заштита на потрошувачите можат да присуствуваат и учествуваат во работата градоначалникот и претседателот на Советот на општината, без право на одлучување.

Советот за заштита на потрошувачите за својата работа поднесува годишен извештај пред Советот на општината.

**Член 77**

Советот за заштита на потрошувачите разгледува прашања и утврдува предлози кои што се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби на општината, а особено:

- ја следи состојбата на давањето на услуги од јавните служби;
- се грижи за решавање на проблемите што граѓаните ги имаат при користење на услугите од претпријатијата и установите што вршат јавни услуги;
- се грижи за унапредување на односот на вработените кај давателите на услуги кон корисниците на услугите;
- организира јавни трибини и други форми на учество на граѓаните, на кои ќе се расправа за унапредување на заштитата на потрошувачите.

**в) Партиципативно тело од областа на урбанизмот**

**Член 78**

Во општината се формира Партиципативно тело од областа на урбанизмот, заради пренесување на ставовите и мислењата на граѓаните и правните лица во процесот на урбанистичкото планирање, како и заради следење на состојбите и давање иницијативи, насоки и сугестии во процесот на планирање и изготвување плански решенија за општината.

Партиципативно тело од областа на урбанизмот се состои од 5 членови.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот е со мандат од 4 години.

**Член 79**

Одлука за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот донесува Советот, на предлог на Комисијата за прашања на избори и именувања.

Членовите на Партиципативно тело од областа на урбанизмот се избираат:

- од редот на членовите на Соетот;
- по предлог на облиците на месна самоуправа;
- по предлог на здруженијиа на граѓани;
- здруженија на стручни лица од областа на урбанизмот, и
- од општинската администрација.

**Член 80**

Партиципативно тело од областа на урбанизмот од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Партиципативното тело, со јавно гласање.

**Член 81**

Партиципативно тело од областа на урбанизмот работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Партиципативно тело од областа на урбанизнмот.

Партиципативно тело од областа на урбанизмот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови.

Партиципативно тело од областа на урбанизмот одлучува со мнозинството од вкупниот број членови.

На седниците можат да присуствуваат и учествуваат во работата градоначалникот и претседателот на Советот, без право на одлучување.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот за својата работа поднесува Годишен извештај пред Советот на општината.

## V. ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

### Член 82

За извршување на работите од надлежност на органите на општината се организира општинска администрација во сектори, одделенија и инспекторат.

### Член 83

Организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација се утврдува со одлука на Советот врз основа на предлог на градоначалникот.

## VI. АКТИ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

### а) Акти на Советот

### Член 84

Советот на општината донесува: Статут на општината, Деловник на Советот, програми, планови, одлуки, решенија, заклучоци и други прописи утврдени со закон и дава мислења и утврдува насоки.

### Член 85

Статутот е основен акт на општината со кој се утврдуваат основните прашања во врска со надлежностите и организацијата на општината и други прашања од значење за општината.

Статутот на општината се донесува во две фази, и тоа како Нацрт-Статут и Предлог-Статут.

Статутот на општината го донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на општината.

### Член 86

Со деловникот на Советот се уредува начинот на работа на Советот и неговите комисии, постапката за одлучување и односите со другите органи.

Деловникот на Советот на општината се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на општината.

### Член 87

Со одлука на Советот се уредуваат работите од локално значење од надлежност на општината.

Со одлука на Советот на општината се основа општинска администрација и се уредува начинот на нејзиното работење и се основаат јавни служби.

Со одлука Советот уредува и други прашања од својата надлежност.

**Член 88**

Решението е конкретен и конечен акт со кој Советот решава за поединечни работи.

**Член 89**

Советот донесува заклучоци кога разгледува пооделни извештаи, информации и анализи.

Советот дава мислење и утврдува насоки за извршување на прописите и другите акти што ги донесува Советот на општината.

**Член 90**

Постапката за донесување на општите акти се уредува со Деловникот на Советот на општината.

**б) Акти на Градоначалникот**

**Член 91**

Градоначалникот, во рамките на својата надлежност, донесува решенија и други акти за кои ќе биде овластен со закон, статутот на општината и други прописи.

За решавање на поединечните права, обврски и интереси на физичките и правните лица, градоначалникот донесува решенија.

**в) Начин на објавување на актите на органите на општината**

**Член 92**

Прописите на Советот се објавуваат во службеното гласило на општината, пред да влезат во сила.

Градоначалникот на општината е должен во рок од 7 (седум) дена од денот на донесувањето на актите, да ги објави во службеното гласило на општината.

Службено гласило на општината е "Службен гласник на општина Гевгелија".

Во службеното гласило на општината може да се објавуваат и прописите што ги донесува градоначалниккот на општината, како и прописи на други органи.

**Член 93**

Прописите на Советот влегуваат во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општината", а по исклучок што го утврдува Советот најрано со денот на објавувањето.

Прописите на Советот може да влезат во сила и во покус рок од осум дена ако:

- причините поради кои се предлага донесување на прописот и целите што се сака да се постигнат со неговото донесување се од итен и неодложен карактер;
- не создаваат материјални обврски за граѓаните и правните лица;
- прашањата што се регулираат се од сферата на одбраната, заштитата и спасувањето и сл.;

- тоа го налагаат начелата на целисходност, рационалност, ефикасност, економичност, оперативност и сл.

**Член 94**

За објавените акти се води посебна збирка.

Збирката може да ја користат граѓаните и истата ќе биде во секое време на увид.

## VII. НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО НА ОПШТИНАТА

**Член 95**

Граѓаните непоседно учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, преку граѓанска иницијатива, собири на граѓани и референдум.

### а) Граѓанска иницијатива

**Член 96**

Граѓаните имаат право да му предложат на Советот на општината да донесе одреден акт или да реши одредени прашања од неговата надлежност.

Советот е должен во рок од 90 дена по доставувањето да расправа по иницијативата на граѓаните, доколку истата е подржана од налмалку 10% од избирачите од општината, односно месната самоуправа.

Подршката од став 2 на овој член се обезбедува со потписи на граѓаните.

За решенијата по поднесената иницијатива Советот ги информира граѓаните.

Граѓанска иницијатива не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања.

### б) Собир на граѓани

**Член 97**

Собир на граѓани свикува Градоначалникот по своја иницијатива, на барање на Советот или на барање од најмалку 10% од избирачите на општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определено прашање.

Собир на граѓани може да се свика за подрачјето на целата општина или за подрачјето на месна самоуправа.

Градоначалникот е должен во рок од 30 дена да свика собир на граѓани на барање од најмалку 10% од избирачите во општината или месната самоуправа за која се однесува определеното прашање.

Барањето за свикување собир на граѓани со потписи на заинтересираните граѓани се поднесува до Градоначалникот.

Актот за свикување на собирот на граѓаните се објавува во локалните сретства за информирање и се истакнува на јавни места на вообичаен начин.

Од денот на објавувањето, односно истакнувањето на актот за свикување на собирот на граѓаните, до денот на неговото одржување мора да изминат најмалку 5 дена.

**Член 98**

На собирот на граѓани, во одлучувањето учествуваат граѓаните кои имаат избирачко право.

Собирот на граѓаните го води Градоначалникот или лице овластено од него.

За прашањата за кои се расправа на собирот на граѓани известува Градоначалникот, а по потреба и други овластени претставници на општинската администрација.

**Член 99**

Заклучоците донесени на собирот на граѓани, органите на општината се должни во рок од 90 дена да ги разгледаат и да ги земат предвид при одлучувањето и донесувањето мерки по прашањата на кои се однесуваат, како и да ги информираат граѓаните за своите одлуки.

**в) Референдум**

**Член 100**

Референдум може да распише Советот на општината по своја иницијатива за прашања од негова надлежност.

Советот е должен да распише референдум на барање од најмалку 20% од избирачите на општината.

Барањето за распишување на референдум се доставува до Советот на општината со потписи на заинтересираните избирачи дадени пред надлежниот орган, кој води евиденција за избирачкото право на граѓаните на општината.

**Член 101**

По барањето за распишување референдум, Советот на општината во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето донесува одлука за распишување референдум.

Одлуката за распишување референдум содржи предмет на референдумот и денот на неговото одржување.

**Член 102**

Одлуката за распишување референдум се објавува во службено гласило и во другите средства за објавување во општината.

Од денот на објавувањето на одлуката за распишување на референдумот до денот на одржувањето на референдумот не може да поминат помалку од 15 дена, нити повеќе од 60 дена.

**Член 103**

Право на гласање на референдумот имаат граѓаните кои имаат избирачко право.

Референдумот го спроведува Комисија за спроведување на референдумот.

Претседателот и членовите на Комисијата ги именува Советот на општината.

**Член 104**

Комисијата за спроведување на референдумот:

- го определува времето на гласање;

- врши технички подготовки за спроведување на референдумот;
- ги определува гласачките места;
- ги утврдува резултатите од гласањето и
- се грижи за законито спроведување на референдумот.

**Член 105**

За спроведување на гласањето на референдумот, Комисијата за гласачките места формира одбори за спроведување на референдумот.

Одборите ја обезбедуваат правилноста и тајноста на гласањето на референдумот.

**Член 106**

Времето на гласањето мора да се определи така што да им се овозможи учество на референдумот на сите граѓани што имаат право на глас.

На гласачкото место на кое гласале сите граѓани запишани во избирачкиот список, гласањето може да заврши и пред истекот на времето определено за гласање.

**Член 107**

Прашањето, односно актот што е предмет на референдумот, мора да биде на соодветен начин изложено на гласачкото место.

Членовите на одборот се должни на граѓанинот што пристапил на гласање, по негово барање, да му дадат објаснување за предметот на референдумот и за начинот на гласање.

**Член 108**

На референдумот секој граѓанин има право само на еден глас.

Граѓанинот може да гласа само лично.

**Член 109**

На референдумот се гласа со гласачко ливче.

Содржината на гласачкото ливче ја пропишува Комисијата за спроведување на референдумот.

Прашањето на гласачкото ливче мора да биде формулирано прецизно и недвосмислено, така што граѓанинот на референдумот да може да одговори со "ЗА" или "ПРОТИВ" предлогот.

**Член 110**

Граѓанинот на референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче го заокружува зборот "ЗА" или "ПРОТИВ".

Кога на референдумот се поставени повеќе алтернативи, граѓанинот се изјаснува така што го заокружува зборот "ЗА" или "ПРОТИВ" од алтернативата за која гласа.

**Член 111**

По завршувањето на гласањето, Одборот го утврдува резултатот од гласањето на гласачкото место и за тоа составува записник.

Формата и содржината на записникот ги пропишува Комисијата за спроведување на референдумот.

Веднаш по составување на записникот, Одборот доставува извештај до Комисијата за спроведување на референдумот.

**Член 112**

Комисијата за спроведување на референдумот, врз основа на применіот гласачки материјал од сите гласачки места, го утврдува резултатот од референдумот.

Одлуката на референдумот се донесува со мнозинство гласови од избирачите кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број избирачи.

Одлуката донесена на референдумот е задолжителна за Советот.

Комисијата за спроведување на референдумот поднесува извештај за спроведениот референдум до Советот на општината.

**Член 113**

Прашањето, односно актот што граѓаните не го прифатиле на референдумот, не може повторно да се изнесува на референдумот пред истекот на 6 (шест) месеци од денот на одржувањето на референдумот.

## VIII. ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

### а) Информирање на граѓаните

**Член 114**

Органите на општината, комисиите на советот на општината и јавните претпријатија и установи основани од општината, ги информираат граѓаните за одлуките и своите активностите, кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните на општината се информираат за:

- прописите кои ги донесува Советот на општината;
- начинот и условите за остварување на нивните права;
- обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежноста на општината;
- плановите, проектите и програмите кои се во подготовка, а се од значење за развојот на општината;
- услугите кои ги добиваат од јавните служби и општинската администрација и начинот на нивно добивање;
- приходите кои се остваруваат во општината и начинот на нивна распределба и трошење;
- јавните набавки на основни средства за работа;
- именувањето на директори и претставници во управните одбори на јавните претпријатија, установи и училиштата;
- други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на општината и јавните претпријатија и установи во согласност со закон.

**Член 115**

Информирањето на граѓаните на општината се врши редовно, без надоместок, преку:

- издавање службен гласник на општината;
- издавање и дистрибуција до граѓаните на месечни информативни билтени;
- објавување на публикации;
- информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од општината;
- огласни табли (простории на органите на општината, месните заедници, јавните претпријатија и установи);
- веб сајт;
- јавни трибини во месните заедници за одредени прашања;
- средствата за јавно информирање, и
- на друг соодветен начин кој е најповолен за информирање на јавноста.

**Член 116**

Информирањето на граѓаните се врши на службените јазици кои се користат во општината.

Советот на општината со посебна одлука може да утврди за одредени информации да се информира и на јазикот кој не е службен јазик во општината, а го зборуваат дел од жителите на општината.

**б) Слободен пристап до информациите од јавен карактер**

**Член 117**

Во општината се обезбедува правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат органите на општината (Советот и градоначалникот), јавните претпријатија и установи основани од општината, и правни и физички лица со доверени јавни овластувања од општината.

По исклучок, во случаи утврдени со закон, правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации од став 1 на овој член, може да биде ограничен или да се обезбеди делумен пристап.

**Член 118**

За информациите со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации од став 1 на член 115 востановуваат и водат листа на информациите, која се објавува на начин кој е достапен за барателите на информации.

За листата на информации и условите и начинот на слободен пристап до информациите, граѓаните на општината се известуваат преку огласна табла или на друг погоден начин.

Имателите на информации се должни редовно, а најдоцна во рок од три месеци да ја ажурираат листата на информации од јавен карактер со кои располагаат.

Листата на информации од јавен карактер за органите на општината ја предлага градоначалникот, а ја утврдува (донесува) Советот на општината.

Листата на информации од јавен карактер за јавните претпријатија и установи основани од општината ја утврдува Управниот одбор на предлог на директорот.

**Член 119**

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува во согласност со закон.

Градоначалникот на општината создава услови и презема мерки пропишани со закон за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, со кои располагаат Советот на општината и општинската администрација.

Директорот на јавното претпријатие и јавната установа основани од општината создава услови и презема мерки пропишани со закон за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат, согласно статутот на претпријатието и установата.

**Член 120**

Слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат имателите на информации од став 1 на член 115 имаат сите правни и физички лица (во натамошниот текст: барател на информација).

Слободниот пристап до информации се остварува:

- со увид во документите со кои располага имателот на информацијата;
- со добивање препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Имателот на информацијата за посредување или остварување на правото на слободен пристап до информациите определува службено лице.

**Член 121**

Барателот на информацијата за извршениот увид или добиениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата, плаќа соодветен надоместок во висина на материјалните трошоци.

Барателот на информацијата при поднесувањето на барањето се известува за плаќањето и висината на соодветниот надоместок.

**Член 122**

Имателот на информацијата ако не ја достави бараната информација, барателот има право на жалба до Државната комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 123**

Советот на општината усвојува годишен извештај за остварувањето на правото на слобен пристап до информациите во минатата година во општината.

Годишниот извештај за остварувањето на слободен пристап до информации го подготвува градоначалникот на општината и го доставува до советот најдоцна до 31 јануари во тековната година.

Извештајот од став 1 на овој член ги содржи и податоците за остварениот слободен пристап до информациите со кои располагаат и јавните служби кои ги формира општината.

Извештајот од ставот 1, по усвојувањето, се доставува до Државната комисија за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

## IX. ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ

**Член 124**

Физичките и правните лица имаат право да поднесуваат претставки и предлози што се однесуваат на работата на органите на општината и администрацијата.

**Член 125**

Претставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма или усно, на записник пред овластено лице во администрацијата.

За претставките и предлозите не се плаќа такса.

**Член 126**

Подносителот не смее да трпи штетни последици поради поднесувањето претставка или предлог, ниту поради тоа може да биде повикан на одговорност.

**Член 127**

Градоначалникот, во зависност од содржината на претставката, односно предлогот, овластува еден или повеќе службеници да постапат по претставката, односно предлогот.

Постапувањето по претставката, односно предлогот, опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за околностите што се од значење за правилно оценување на основаноста на претставката или за оправданоста на предлогот, како и превземање на потребни мерки за отстранување на евентуална повреда на правото на подносителот или повреда на јавен интерес.

**Член 128**

Градоначалникот е должен, во што е можно покус рок, а најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставката, односно предлогот, на подносителот да му достави одговор.

## X. ЈАВНИ ТРИБИНИ, АНКЕТИ И ПРЕДЛОЗИ ОД ГРАЃАНИТЕ

**Член 129**

Органите на општината, заради утврдување политика во определена област, преземање мерки за разрешување на прашања и проблеми од значење за граѓаните од подрачјето на општината, како и при предлагање на одредени акти од своја надлежност може да организираат јавна трибина, да спроведат анкета или да прибираат предлози од граѓаните.

Видот, постапката, начинот и времето на организирање на формите на непосредно учество на граѓаните од став 1 на овој член се уредува со акт на органот што ја организира.

За организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните се објавуваа соопштение во средствата за јавно информирање, во кое се назначува видот, целта, предметот и други податоци важни за организирање на соодветната форма на непосредно учество на граѓаните и се повикуваат заинтересираните за учество во истите.

Организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните, може да се врши во соработка со други општини и со облиците на месна самоуправа.

За јавната трибина, анкетата или предлозите на граѓаните се изготвува извештај.

**Член 130**

При организирање јавна трибина, спроведување анкета и прибирање предлози од граѓаните ќе се обезбеди:

- текст на документот или нацрт на одлука и друг општ акт објавен на погоден начин, за да им биде достапен на граѓаните и на други заинтересирани субјекти;
- собирање и разгледување на мислењата и предлозите што биле изнесени и изготвување на извештај.

**Член 131**

Начинот и постапката на организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните се уредува со Деловникот.

## XI. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА

**Член 132**

Во воена состојба, органите на општинта:

- продолжуваат да ги извршуваат работите утврдени со закон и
- превземаат мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

Оплштината се подготвува за извршување на обврските од став 1 на овој член преку:

- планирање и организирање на мерките за заштита и спасување за свои потреби;
- формирање единици и штабови за цивилна заштита, во согласност со закон и прописи засновани на закон;
- обучување за одбрана, односно вклучување во активности за стекнување на неопходни воено-стручни и други знаења за учество во одбраната;
- превземање мерки, активности и постапки за заштита и чување на тајноста на податоците, информрациите и документите од областа на одбраната, во согласност со закон и прописи засновани на закон;
- координација и соработка со другите општини.

## XII. СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА

**Член 133**

Општината има право на сопственост.

Сопственоста на општината ја сочинуваат неподвижни и подвижни ствари, парични сретства и права.

Сопственоста општината ја стекнува од сопствени извори на приходи, по пат на финансирање од граѓаните или со нивно учество на друг начин, од подароци и по други основи.

**Член 134**

За купување, отуѓување и оптоварување на сопственоста на општината одлучува Советот на општината.

Отуѓување на стварите во сопственост на општината се врши само по пат на јавно надавање, во согласност со закон.

Продажната цена на стварите не смее да биде помала од нивната пазарна вредност.

Средствата добиени од продажбата на стварите може да се инвестираат само за стекнување на нови или реконструкција на постојните ствари во сопственост на општината.

**Член 135**

Општината ја евидентира својата сопственост и нејзината проценка се искажува во годишната сметка.

**Член 136**

Стварите во сопственост на општината можат да се дадат на користење на други субјекти по пат на јавно надавање, во согласност со закон.

## XIII. МЕСНА САМОУПРАВА НА ОПШТИНАТА

**Член 137**

Граѓаните во општината одлучуваат за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месна самоуправа кои можат да ги основаат согласно со овој Статут.

**Член 138**

Во општината како облици на месна самоуправа можат да се основаат:

- во градот - урбани заедници;
- во населените места - месни заедници.

**Член 139**

Подрачјето за кое се основаат урбаните заедници се границите на урбаните единици утврдени со урбанистичкиот план на градот.

Подрачјето за кое се основаат месните заедници се границите на катастарските општини на населените места.

**Член 140**

Иницијатива за основање облици на месна самоуправа можат да покренат најмалку 10% од граѓаните, жители на подрачјето за кое има интерес за основање на облик на месна самоуправа.

**Член 141**

Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое се бара основање на обликот на месна самоуправа, образложение на потребите за основање и потпис на заинтересираните граѓани.

**Член 142**

Одлуката за основање на облик на месна самоуправа се донесува на Собир на граѓани од соодветното подрачје, по пат на јавно гласање со мнозинство гласови од присутните граѓани.

Собирот на граѓани од претходниот став на овој член го свикува градоначалникот на општината, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката.

**Член 143**

Граѓаните преку облиците на месна самоуправа, во согласност со овој Статут и одлуките за основање се грижат за:

- решавање на прашања од комунална инфраструктура за соодветното подрачје;
- одржување на објектите од јавен интерес (водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.);
- заштита на животната средина и природата;
- уредување и одржување на гробиштата во селските населби;
- покренување иницијатива за уредување на просторот;
- организирање културни, спортски, забавни и други манифестации и
- други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Советот на облиците на месната самоуправа дава иницијативи и предлози до надлежните органи на општината, за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

**Член 144**

Работите од членот 143 на овој Статут се финансираат од:

- средствата што општината ќе им ги одстапи на облиците на месна самоуправа, согласно со плановите и програмите за нивниот развој;
- средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;
- средства што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;
- средства од надомест на услуги и
- подароци и други средства.

Прибирањето и трошењето на средствата од ставот 1 се врши преку Буџетот на општината.

**Член 145**

Орган на облиците на месна самоуправа е Советот.

Советот на облиците на месна самоуправа го избираат граѓаните на обликот на месната самоуправа на собир на граѓани со јавно гласање, доколку Собирот не одлучи гласањето да биде тајно.

Советот на облиците на месна самоуправа е составен од 3 (три) до 7 (седум) члена.

Мандатот на членовите на Советот на месната самоуправа трае 4 (четри) години.

**Член146**

Одлука за распишување на избори за членови на Советот на облиците на месна самоуправа донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако Одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок, Одлука за распишување за избор на членови на Советот на облиците на месната самоуправа донесува Собирот на граѓани.

**Член 147**

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот на облиците на месна самоуправа се врши на Собир на граѓани, доколку присуствуваат најмалку 10% од граѓаните, жители на соодветната месна заедница.

За утврдени се сметаат кандидати кои добиле мнозинство, односно најголем број гласови од присустните граѓани на собирот.

**Член 148**

Постапка за предлагање, утврдување и избор на членови на Советот на облиците на месна самоуправа поблиску се уредува со правилата за работа на обликот на месна самоуправа, донесени од Советот на општината.

**Член 149**

За избрани членови на Советот на облиците на месна самоуправа се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

**Член 150**

Советот на облиците на месна самоуправа од редот на своите членови избира претседател кој го претставува и застапува обликот на месната самоуправа.

**Член 151**

Градоначалникот на општината со решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, по претходна согласност на претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа.

Средствата потребни за извршување на работите, од ставот 1 на овој член, се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор на извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

**Член 152**

Општинската администрација ги врши стручните, административно-техничките и сметководствено-финансиските работи на органот во обликот на месната самоуправа.

Контрола над трошењето на средствата, што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности, врши општинската администрација.

**Член 153**

Општината води евиденција на облиците на месна самоуправа основани на нејзиното подрачје.

## XIII. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ГРБОТ И ЗНАМЕТО НА ОПШТИНАТА

**Член 154**

Грбот и знамето на општината се утврдуваат со одлука на Советот на општината.

За утврдување на грбот и знамето на општината, Советот на општината распишува конкурс и формира комисија.

**Член 155**

Комисијата од пристигнатите трудови по објавениот конкурс утврдува предлог за грб, односно знаме на општината и го доставува до Советот на општината на усвојување.

**Член 156**

Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот одлучува по предлогот на комисијата.

Одлуката на Советот за утврдување на грб, односно знаме на општината е составен дел на Статутот на општината.

**Член 157**

Грбот на општината се употребува во состав на печатот на општината.

Грбот на општината може да се употребува и на официјални покани, честитки и на слични акти што ги користат Советот и Градоначалникот на општината.

Советот на општината може да одобри употреба на грбот на општината на физички и правни лица, ако оцени дека е во интерес на општината.

**Член 158**

Знамето на општината се истакнува на зградата на општината и на видни места во општината.

Знамето на општината може да се истакнува и при меѓународни средби, натпревари и други собири на кои учествува или е презентирана општината.

**Член 159**

Грбот и знамето на општината не смеат да се употребуваат ако се оштетени или со својот изглед се неподобни за употреба.

## XIV. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНАТА

**Член 160**

Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на општината може да поднесе член на Советот, комисија на Советот и други субјекти.

По иницијативата за изменување и дополнување на Статутот одлучува Советот.

**Член 161**

По прифаќањето на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот, градоначалникот изготвува предлог на статутарна одлука за изменување и дополнување на Статут.

**Член 162**

Измени и дополнување на Статутот на општината можат да предложат најмалку 1/2 од членовите на Советот на општината, градоначалникот на општината или најмлаку 10% од избирачите на општината.

Измена и дополнување на Статутот на општината се врши по иста постапка како и за донесување на Статутот на општината со Статутарна одлука.

Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на општината е донесена ако за неа гласале мнозинството од вкупниот број членови на Советот на општнатa.

**Член 163**

Нацрт-Статут на општината изготвува Комисијата за статут и прописи.

Нацрт-Статутот на општината го утврдува Советот на општината и го става на јавна дискусија.

Јавната дискусија ја организира и спроведува Комисијата за статут и прописи.

**Член 164**

По спроведувањето на јавната дискусија, Комисијата за статут и прописи изготвува Предлог-Статут на општината.

Предлог-Статутот на општината, на предлог на Комисијата, го донесува Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на општината.

## XV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 165**

Имателот на информацијата е должен во рок од шест месеци од денот на усвојувањето на статутут да ја донесе и објави листата на информации со кои располага.

**Член 166**

Градоначалникот на општината е должен во рок од три месеци од денот на усвојувањето на статутот, согласно актот за организација на општинската администрација, да распореди државен службеник од општинската администрација кој ќе ги извршува работите на посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Член 167**

Во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој Статут, општината ќе ги воведе во евиденција постојните облици на месна самоуправа, основани во согласност со Статутот на општината.

**Член 168**

Со денот на влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на општината Гевгелија бр. 07-133/1 од 29.10.2002 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 8/02 год.) и бр. 07-208/1 од 26.07.2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 11/05 год.).

**Член 169**

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2506/1
26.12.2006 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија

***Панде Кацарски***